# НОВО срце



**Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 112, Дата: 26. 12. 2011.**

## Значењето на Божиќ

Една тажна приказна зборува за брачна двојка, на која им се родил син. Тие одлучиле да ги поканат сите роднини и пријатели, за да го прослават раѓањето на нивното прво дете. Кога пристигнале гостите, седнале на масите и почнале да зборуваат за добиените подароци, за приготвените јадења, за најновиот фустан на мајката, златниот прстен од сопругот, за локалните обичаи, најновите политички настани, економската криза во земјата...и така поминала целата вечер. Тогаш некој побарал да го види новороденото бебе. Кога го побарале детето, од него немало ни трага, ни глас. Најпосле го нашле во неговото креветче, покриено со капутите од гостите, кои биле паднати врз него. Веселбата се претворила во трагедија кога сфатиле дека бебето се загушило, под тежината на натрупаната облека. Веројатно ова немало да се случи ако новороденото дете било во центарот на вниманието, а не сите останати работи.



Оваа приказна со трагичен крај, потсетува на начинот по кој многумина денес го одбележуваат раѓањето на Христос-Божиќ. Вчера (на 25-ти декември) поголем дел од христијанскиот свет го одбележуваше Божиќ. Целиот свет го опфати празнична еуфорија. За Божиќ можевме да видиме дека на некои места организирале масовна трка на „дедомразовци“. На телевизија, програмите се преплавени со Божиќни реклами, во кои доминира Дедо Мраз. Тој ви нуди вода, автомобили, компјутери, патувања во странство... и.т.н. Опсесијата од Дедо Мраз е толку присутна, што дури и некои сообраќајци, на раскрсниците во Америка, се облекле како Дедо Мраз.

Втората работа која е дел од современата „божиќна“ слика се распродажбите. Продавниците се преплавени со „божиќни“ распродажби. Се купува на големо; што треба и не треба. Сите се заразени од оваа празнична треска. Дури и Македонија повеќе не е имуна на овој феномен.
На друго места се натпреваруваа во украсување на поубави и поголеми елки. Кај нас, дури украсивме и елка под водата, во Охридското езеро. Или пак, се берат бадникови гранчиња, кои наводно носат среќа, бериќет, здравје и сл.

Ако на интернет пребарувате слики за Божиќ, ќе ги добиете првите 7-8 страници, преплавени со слики со мотиви од Дедо Мраз, елки, снежни пејсажи, украси.. Со сето ова, некој неупатен би добил впечаток дека Божиќ е празник на Дедо Мраз, елките и купувањето. Сите овие елементи, го ставаат во сенка вистинското значење на Божиќ.



Важно е да се потсетиме дека на тој ден се одбележува раѓањето на Исус Христос, Спасителот на целиот свет. Овој настан беше толку важен, што скоро сите пророци го најавуваа во Библијата. А мудреците од исток патуваа со денови, за да бидат сведоци на Неговото раѓање. Кога Исус се роди, специјално за Него, се појави хор од ангели, кои со песна го објавија Неговото раѓање. Еден од ангелите рече: ***„еве, ви најавувам добра вест, голема радост, која ќе биде за сите народи: зашто денес ви се роди Спасител, во Давидовиот град, Кој е Христос Господ“ (Лука 2:10-11).***

Библијата ни кажува дека Исус дојде на овој свет, за да ја плати казната за нашите гревови; да стане наш Спасител, умирајќи на крстот, наместо нас; да го помири човекот со Бог и да ни даде живот вечен (Јован 3:16).

**Не дозволувај и за тебе, Божиќ да се претвори во роденден на едно заборавено бебе !**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**